# Информации

## Промени во вашето AustralianSuper осигурување

**Почнувајќи од 29 мај 2010 год, членовите на AustralianSuper ќе имаат ново, подобрено осигурување, со поголемо ниво на покриеност и со помали трошоци.**

## Какво осигурување обезбедува AustralianSuper?

AustralianSuper обезбедува осигурување за во случај на смрт и онеспособеност. Трите видови на осигурување се:

### Осигурување за случај на смрт

Ако починете, осигурувањето за Смртен случај обезбедува плаќање на вашето семејство или оние кои сте ги назначиле (на пример вашите деца или брачен партнер/ка) или вашиот правен личен застапник (извршител на имотот). Овој износ е наменет да им обезбеди на вашите наследници средства за живот.

### Целосна и трајна онеспособеност (TPD)

TPD обезбедува плаќање за вас ако станете целосно и трајно неспособен за работа. Овој износ е наменет да ви го замени приходот во иднина кој не ќе можете повеќе да го заработувате заради онеспособеност и ќе ви обезбеди вам и на вашето семејство средства за живот.

### Заштита на приходот

Ова осигурување обезбедува редовни месечни плаќања за време до две години ако сте привремено неспособни за работа заради болест, повреда или несреќен случај.

## Кој плаќа за осигурувањето преку AustralianSuper?

Ако имате осигурување со AustralianSuper, трошоците за осигурувањето се наплаќаат од вашата пензиска сметка. Трошокот за осигурувањето се нарекува ‘премија за осигурување’.

## Кои се промените на осигурувањето од 29 мај 2010?

### Ново осигурување за заштита на приходот

Поголемиот број членови на AustralianSuper ќе добијат заштита на приходот од 29 мај 2010. Постои додатен трошок за ова осигурување и премиите за осигурување ќе бидат одземени од вашата пензиска сметка во AustralianSuper.

Ако веќе имате осигурување за заштита на приходот со AustralianSuper, вашата премија ќе се намали.

**За повеќе информации за осигурувањето за заштита на приходот погледнете под Објаснувања за некои термини за осигурување на страница брј 2.**

### Осигурување за во случај на смрт и целосна и трајна онеспособеност – поголема покриеност или помали трошоци

Поголемиот број членови на AustralianSuper имаат 3 единици на осигурување за во случај на смрт и целосна и трајна онеспособеност и од 29 мај 2010 ќе добијат поголема покриеност без додатни трошоци.

Некои членови имаат одбрано фиксна покриеност. Почнувајќи од 29 мај 2010, фиксната покриеност ќе чини помалку зашто премиите ќе бидат намалени.

## Зошто ви е потребно осигурување?

Осигурувањето ќе ви обезбеди приход ако сте привремено или трајно неспособни за работа.

Осигурување ви е потребно ако:

- Зависите од платата за секојдневните трошоци на живот.
- Имате кредит за отплата на куќа, личен кредит или долг на кредитна картичка.
- Издржувате некого финансиски – ако имате некој кој зависи од вашиот приход (деца или партнер/ка) осигурувањето ќе ви обезбеди финансиска сигурност.

## Што е тоа Осигурување за заштита на приходот?

Заштита на приходот (Income Protection) обезбедува редовни месечни исплати до две години, ако сте привремено неспособни да работите заради болест, повреда или несреќен случај. Ако сте привремено неспособни најголемиот износ кој ќе може да го добиете е 85% од вашата плата (исклучувајќи ги одвојувањата за пензија), со 75% исплатено на вас и 10% исплатено на вашата пензиска сметка.

Осигурувањето за заштита на приходот се обезбедува во единици при што секоја единица обезбедува $500 приход во месецот. Важно е да имате доволно единици да го покријат вашиот приход.

## Период на чекање

Ако имате осигурување за заштита на приходот може да изберете 30 или 60 дена период на чекање. Тоа е времето за кое мора да чекате пред да се квалификувате за барање за исплата на бенефиција.

Осигурувањето за заштита на приходот ќе има период на чекање од 60 дена освен ако не барате тоа да биде 30 дена. Премијата ќе биде повисока за период на чекање од 30 дена.

## Што ќе се случи ако имам две осигурувања за заштита на приходот?

Ако имате две полиси за заштита на приходот тоа не значи дека ќе бидете платени двојно во неделата, ако поднесете барање. Меѓутоа, ќе може да ги одложите плаќањата од AustralianSuper до две години, што (под услов да сеуште не можете да работите) ќе ви овозможи да почнете да добивате плаќања од нас штом запрат плаќањата од вашата друга полиса (постојат услови).

Вашите месечни плаќања од осигурувањето за заштита на приходот може да бидат намалени за износот на плаќања кои ги добивате од други извори како Workers' Compensation, плаќања за боледување и бенефиции кои се исплаќаат по други полиси за заштита на приходот. Плаќањата може да бидат намалени и за износот на приход заработен од работа на друго место или било кој друг приход кој осигурувачот смета дека треба да го имате ако сте во можност да започнете да работите додека сте онеспособени со намалени часови на работа откако ќе истече периодот на чекање.

## Професионална класификација (Occupational rating)

Вашата професија ќе се смета дека е стандардна (Standard), со мал ризик (Low Risk) или професионална (Professional). Ако вашата професија се смета со мал ризик или професионална може да добиете зголемено осигурување или да плаќате помалку (во зависност од тоа дали вашето осигурување е во единици или фиксно). Ако не сте барале и не сте рангирани под мал ризик или професионално, тогаш вашата премија и/или осигурување се засноваат на стандардна професија. Меѓутоа, ако вашата работа во поголемиот дел е во канцеларија и не работите физичка работа може да виследува премија за во случај на работа со мал ризик или професионална.

## Износ на осигурувањето

Ако имате осигурување за смртен случај и трајна и целосна онеспособеност тоа е целосен износ на осигурување кој ќе биде исплатен на вас или вашето семејство ако станете целосно или трајно непособен за работа или починете. Или, ако имате осигурување за заштита на приходот ова ќе биде износот кој ќе ви се исплаќа месечно (после периодот на чекање) ако сте привремено неспособни за работа.

## Премија

Ова е неделниот износ кој го плаќате за вашето осигурување. Тој се одбива од вашата пензиска сметка.

## Фиксно осигурување

Со фиксното осигурување износот на кој сте осигурени е ист од година во година, меѓутоа премијата која ја плаќате се зголемува како стареете. Ако го смените осигурувањето со нашата понуда за осигурување тогаш вашето осигурување ќе стане фиксно.

## Пресметајте колку осигурување ви е потребно на нашиот пресметувач на линија

Користете го нашиот пресметувач на линија за да пресметате колку осигурување ви е потребно, подете на **www.australiansuper.com/BetterInsurance**

Ако не сте сигурни кое осигурување ви е потребно јавете се на AustralianSuper на **1300 300 273** и побарајте да ви се закаже разговор со квалификуван финансиски советник кој ќе ви пружи бесплатни совети преку телефон.

## Членовите кои имаат осигурување и на кои им следува може да го зголемат осигурувањето без да обезбедат здравствени информации. Ако ви следува, ќе добиете пратка по пошта во април 2010 со објаснување за нашата понуда за осигурување.

### Осигурување за смрт и целосна и трајна неспособност до $1.5 милиони

Вие може да барате зголемување на осигурувањето за смртен случај и целосна и трајна неспособност за работа без да дадете здравствени информации. Оваа можност е достапна до 28 мај 2010.

| | Износ до кој може да го зголемите осигурувањето без да пружите здравствени информации |
|---|---|
| Смрт и целосна и трајна неспособност | До $1.5 милиони<br><br>(Покрива над $600,000 и е ограничено на $1.5 милиони или 10 пати поголемо од вашата плата*, или она што е помало.) |

Штом наполните 65 години, осигурувањето за целосна и трајна неспособност не е повеќе достапно. Осигурувањето за смртен случај завршува на 70 години.

Износите на премија за смрт и целосна и трајна неспособност се прикажани.

Ако го смените осигурувањето за смрт или трајна или целосна неспособност ќе добиете фиксно осигурување за двете осигурувања. Со фиксното осигурување, осигурувањето не се менува, само премијата се зголемува со возраста. Кога ќе достигнете 60 години осигурувањето за целосна и трајна неспособност постепено ќе се намалува и ќе запре на 65 години.

### До $20,000 месечен приход од осигурувањето за заштита на приходот

Вие може да барате зголемување на осигурувањето за заштита на приходот без да треба да минете преку вообичаените здравствени проверки.

| | Износ до кој може да го зголемите осигурувањето без да пружите здравствени информации |
|---|---|
| Заштита на приходот | До $20,000 месечно или 85% од вашата плата* (односно она што е пониско). |

Штом наполните 65 години, осигурувањето за заштита на приходот не е повеќе достапно.

Заштитата на приходот се наплаќа по единица осигурување секој месец. Една единица обезбедува $500 покритие. Износите на премиите за заштита на приходот се прикажани.

### Кажете ни за вашата работа за да го зголемиме осигурувањето или да ја намалиме премијата

Колку осигурување ќе добиете или колку плаќате за осигурувањето зависи од вашата работа. Ако вашата работа се смета за работа со мал ризик или професионална вие може да добиете зголемено осигурување или да плаќате помалку (во зависност од тоа дали осигурувањето ви е во единици или е фиксно). Вие може да барате вашата работа да се класифицира како работа со мал ризик или професионална.

### За да го смените или откажете осигурувањето или да ја смените класификацијата на вашето работно место:

- појдете на линија на **www.australiansuper.com/ChangeMyCover**
- потполнете го формуларот за *промена на осигурувањето* кој ќе го добиете по пошта

Ако откажете некое од осигурувањата и подоцна решите повторно да се осигурате можеби тогаш ќе треба да доставите здравствени информации како дел од барањето.

### Важни услови кои мора да ги знаете

- Барањето ќе мора да го испратите до AustralianSuper да биде добиено најдоцна до 28 May 2010 за да ви се зголеми осигурувањето без да обезбедите здравствени информации.
- Ако барањето за зголемено осигурување според специјалната понуда ви биде прифатено од осигурувачот на писмено, ќе се применува ограничено осигурување. Ограничено осигурување значи дека вие нема да бидете покриени за здравствени состојби кои постоеле пред зголемување на осигурувањето. Ограниченото осигурување ќе важи две години. Целосна покриеност ќе започне ако сте во активно вработување на крајот од двете години.
- Активно вработување е ако не сте ограничени со повреда, несреќен случај или болест за извршување на вашите редовни задолженија како вработен со полно работно време (за најмалку 30 часа во неделата) дури иако вработувањето може да биде со полно работно време, со скратено работно време или повремено вработување.

** Плата е вашиот тековен бруто годишен приход (пред данок), исклучувајќи ги придонесите за пензија.*

## Заштита на приходот

Користете ја табелата за премии подолу да пресметате колку ќе ве чини додатното осигурување. Секоја единица од осигурувањето за заштита на приходот обезбедува покриеност од $500.

### Како да ги пресметате трошоците за заштита на приходот

Формулата за пресметување на трошоците за заштита на приходот е:

Колку покритие сакате (број на единици на покритие) x соодветниот износ на премија = неделна премија

**Пример**
Петар заработува $57,000 и е на возраст од 32 години. Тој сака најголема покриеност на неговата плата кое е $4,500 или 9 единици. Работата на Петар е физичка, затоа таа е класифицирана како стандардна. Тој избра 60 дена период на чекање.

Која премија ќе важи за Петар ќе зависи од:

- Неговата возраст
- Периодот на чекање кој е избран
- Класификација на неговата работа

Неделниот трошок за заштита на приходот кој Петар ќе го плаќа е:

9 единици x $0.247 = $2.22 неделно

*Покриеноста која тој ја избрал од 9 единици x премијата $0.247 = $2.22 неделно*

### Заштита на приходот – неделни износи на премија

| | Класификација на работата | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 30 дена период на чекање | | | 60 дена период на чекање | | |
| Возраста | Стандард | Мал ризик | Професионална | Стандард | Мал ризик | Професионална |
| До 20 | 0.329 | 0.215 | 0.179 | 0.161 | 0.068 | 0.053 |
| 21 - 24 | 0.329 | 0.215 | 0.179 | 0.227 | 0.097 | 0.076 |
| 25 - 29 | 0.329 | 0.215 | 0.179 | 0.227 | 0.091 | 0.072 |
| 30 - 34 | 0.400 | 0.265 | 0.221 | 0.247 | 0.118 | 0.086 |
| 35 - 39 | 0.529 | 0.343 | 0.286 | 0.315 | 0.168 | 0.112 |
| 40 - 44 | 0.714 | 0.466 | 0.386 | 0.482 | 0.248 | 0.187 |
| 45 - 49 | 0.965 | 0.636 | 0.529 | 0.769 | 0.395 | 0.296 |
| 50 - 54 | 1.365 | 0.879 | 0.737 | 0.927 | 0.638 | 0.449 |
| 55 - 59 | 2.008 | 1.258 | 1.051 | 1.158 | 0.770 | 0.523 |
| 60 - 64 | 2.159 | 1.579 | 1.315 | 1.158 | 0.889 | 0.603 |

# Колку ќе чини додатната покриеност?

## Смрт и трајна или целосна неспособност

Користете ги табелите за премија за да пресметате колку ќе ве чини додатното осигурување.

### Како ќе ја пресметам премијата за смрт и трајна и целосна неспособност

Формулата за тоа е:

Колкава покриеност сакате ÷ 10,000 x стапка на премија = неделна премија

**Пример**
Петар е на возраст од 32 години. Тој сака $150,000 покриеност за смртен случај и $300,000 за целосна или трајна неспособност. Работата на Петар е физичка и класифицирана како стандардна.

Која премија ќе важи за Петар ќе зависи од:

- Неговата возраст
- Класификација на неговата работа
- Дали Петар го вклучува и трошокот за смрт и целосна или трајна неспособност.

Неделната цена за осигурување за смртен случај на Петар е:

*Покритие кој тој го сака од $150,000 ÷ 10,000 x премија $0.093 = $1.40 неделно*

*Неделната цена за покритие за целосна или трајна неспособност за Петар е:*

*Покриноста која ја сака $300,000 ÷ 10,000 x премија $0.097 = $2.91 неделно*

Која премија ќе важи за Петар ќе зависи од:

- **Неговата возраст**
- **Класификација на неговата работа**
- **Дали Петар го вклучува трошокот за смрт и целосна или трајна неспособност**

| | Класификација на работата | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Стандард | | Мал ризик | | Професинална | |
| Возраст | Смрт | Целосна или трајна неспособност | Смрт | Целосна или трајна неспособност | Смрт | Целосна или трајна неспособност |
| 32 | 0.093 | 0.097 | 0.051 | 0.054 | 0.046 | 0.048 |

## Неделни премии за смрт и целосна или трајна неспособност – на $10,000 осигурување

| Возраст | Класификација на работата | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Стандард | | Мал ризик | | Професионална | |
| | Смрт | Целосна и трајна неспособност | Смрт | Целосна и трајна неспособност | Смрт | Целосна и трајна неспособност |
| 15 | 0.103 | 0.107 | 0.049 | 0.051 | 0.046 | 0.048 |
| 16 | 0.103 | 0.107 | 0.049 | 0.051 | 0.046 | 0.048 |
| 17 | 0.103 | 0.107 | 0.049 | 0.051 | 0.046 | 0.048 |
| 18 | 0.103 | 0.107 | 0.049 | 0.051 | 0.046 | 0.048 |
| 19 | 0.103 | 0.107 | 0.049 | 0.051 | 0.046 | 0.048 |
| 20 | 0.103 | 0.107 | 0.049 | 0.051 | 0.046 | 0.048 |
| 21 | 0.103 | 0.107 | 0.049 | 0.051 | 0.046 | 0.048 |
| 22 | 0.103 | 0.107 | 0.049 | 0.051 | 0.046 | 0.048 |
| 23 | 0.103 | 0.107 | 0.049 | 0.051 | 0.046 | 0.048 |
| 24 | 0.103 | 0.107 | 0.049 | 0.051 | 0.046 | 0.048 |
| 25 | 0.088 | 0.092 | 0.049 | 0.051 | 0.041 | 0.044 |
| 26 | 0.088 | 0.092 | 0.049 | 0.051 | 0.041 | 0.044 |
| 27 | 0.088 | 0.092 | 0.049 | 0.051 | 0.041 | 0.044 |
| 28 | 0.088 | 0.092 | 0.049 | 0.051 | 0.041 | 0.044 |
| 29 | 0.088 | 0.092 | 0.049 | 0.051 | 0.041 | 0.044 |
| 30 | 0.088 | 0.092 | 0.049 | 0.051 | 0.044 | 0.045 |
| 31 | 0.091 | 0.095 | 0.050 | 0.052 | 0.045 | 0.047 |
| 32 | 0.093 | 0.097 | 0.051 | 0.054 | 0.046 | 0.048 |
| 33 | 0.095 | 0.099 | 0.054 | 0.055 | 0.048 | 0.050 |
| 34 | 0.100 | 0.104 | 0.054 | 0.057 | 0.049 | 0.051 |
| 35 | 0.102 | 0.106 | 0.057 | 0.060 | 0.052 | 0.053 |
| 36 | 0.103 | 0.107 | 0.058 | 0.060 | 0.052 | 0.054 |
| 37 | 0.104 | 0.109 | 0.059 | 0.061 | 0.053 | 0.055 |
| 38 | 0.106 | 0.109 | 0.060 | 0.061 | 0.054 | 0.056 |
| 39 | 0.111 | 0.115 | 0.060 | 0.063 | 0.054 | 0.056 |
| 40 | 0.119 | 0.123 | 0.063 | 0.066 | 0.057 | 0.059 |
| 41 | 0.131 | 0.136 | 0.070 | 0.072 | 0.063 | 0.065 |
| 42 | 0.139 | 0.145 | 0.077 | 0.080 | 0.069 | 0.072 |
| 43 | 0.148 | 0.153 | 0.079 | 0.083 | 0.071 | 0.075 |
| 44 | 0.164 | 0.171 | 0.084 | 0.088 | 0.076 | 0.079 |
| 45 | 0.187 | 0.195 | 0.099 | 0.102 | 0.089 | 0.092 |
| 46 | 0.212 | 0.219 | 0.113 | 0.117 | 0.102 | 0.106 |
| 47 | 0.226 | 0.235 | 0.119 | 0.124 | 0.108 | 0.112 |
| 48 | 0.243 | 0.252 | 0.127 | 0.131 | 0.117 | 0.120 |
| 49 | 0.265 | 0.276 | 0.136 | 0.140 | 0.126 | 0.130 |
| 50 | 0.292 | 0.303 | 0.148 | 0.154 | 0.137 | 0.142 |
| 51 | 0.327 | 0.340 | 0.159 | 0.166 | 0.153 | 0.159 |
| 52 | 0.369 | 0.383 | 0.174 | 0.179 | 0.166 | 0.173 |
| 53 | 0.390 | 0.404 | 0.189 | 0.196 | 0.181 | 0.188 |
| 54 | 0.459 | 0.476 | 0.208 | 0.216 | 0.200 | 0.207 |
| 55 | 0.552 | 0.571 | 0.232 | 0.240 | 0.222 | 0.231 |
| 56 | 0.664 | 0.687 | 0.261 | 0.271 | 0.253 | 0.262 |
| 57 | 0.701 | 0.728 | 0.298 | 0.308 | 0.289 | 0.299 |
| 58 | 0.744 | 0.771 | 0.348 | 0.361 | 0.334 | 0.346 |
| 59 | 0.861 | 0.893 | 0.420 | 0.435 | 0.387 | 0.400 |
| 60 | 0.861 | 0.893 | 0.496 | 0.514 | 0.446 | 0.463 |
| 61 | 0.861 | 0.893 | 0.496 | 0.514 | 0.446 | 0.463 |
| 62 | 0.861 | 0.893 | 0.496 | 0.514 | 0.446 | 0.463 |
| 63 | 0.861 | 0.893 | 0.496 | 0.514 | 0.446 | 0.463 |
| 64 | 0.861 | 0.893 | 0.496 | 0.514 | 0.446 | 0.463 |
| 65 | 0.861 | n/a | 0.506 | n/a | 0.455 | n/a |
| 66 | 0.861 | n/a | 0.506 | n/a | 0.455 | n/a |
| 67 | 0.861 | n/a | 0.506 | n/a | 0.455 | n/a |
| 68 | 0.861 | n/a | 0.506 | n/a | 0.455 | n/a |
| 69 | 0.861 | n/a | 0.506 | n/a | 0.455 | n/a |

Важни информации: Оваа брошура е издадена во април 2010 од страна на AustralianSuper Pty Ltd ABN 94 006 457 987 AFSL 233788 Trustee of AustralianSuper ABN 65 714 394 898. Овој документ е наменет за општа намена и не ги зема во предвид вашите цели, ситуација и потреби. Пред да донесете решение за AustralianSuper, разгледајте ги вашите финансиски барања и прочитајте го нашето оградување (Product Disclosure Statement), достапно на **www.australiansuper.com/formspublications** или јавете ни се на **1300 300 273**. Логото на Industry SuperFund е користено со дозвола на Industry Fund Services (IFS) и ова одобрување не е повлечено до денот на публикацијава. 20047 04/10